**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ**
**Бр. No. 04-72/16**
**30.04.2025 г/yılı**

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл. Весник на РМ“ бр,27/14, 199/24, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18, Службен весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/20,99/22 и 208/24) и Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.48/2025 под бр.04-72/14 Секретарот на Општина Центар Жупа постапувајќи по службена должност донесе:

## ОДЛУКА

### За невршење на избор на кандидат за административен службеник по пат на јавен оглас

**1.** Во врска со јавниот оглас бр.48/2025 година за потребата од вработување на административен службеник во општина Центар Жупа, објавен на 18.03.2025 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Вечер“, “Нова Македонија“ и „Коха“. За работно место УПР 0101Г04000 Помлад референт за техничка обработка на податоци за проекти , угостителство и занаетчиска дејност во одделение за локален економски развој , (1) извршител, **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР,** поради тоа што не се пријави никој од кандидатите во третата фаза

**2.** Оваа одлука стапува на сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на објавениот Јавен оглас бр. 48/2025 за потребата од вработување на административен службеник во општина Центар Жупа, објавен на 18.03.2025 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Вечер“, “Нова Македонија“ и „Коха“. За работно место УПР 0101Г04000 Помлад референт за техничка обработка на податоци за проекти , угостителство и занаетчиска дејност во одделение за локален економски развој , (1) извршител

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас формирана со решение бр. 10-315/7 од 24.03.2025 година ја спроведе постапката за вработување составена од административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојноста на докази и интервју.

На 03.04.2025 година Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас бр.48/2025 во просториите на Агенција за администрација изврши административна селекција за што изготви записник за извршена административна селекција за административен службеник бр.10-315/9 од 03.04.2025 година.

На ден 17.04.2025 година во просториите на Агенција за администрација беше спроведен испитот за административен службеник, за што беше составен записник бр.10-315/10 од 17.04.2025 година.

На ден 25.04.2025 година во просториите на Агенција за администрација се спроведе постапка за проверка за веродостојност на докази и интервју , за што беше составен записник .

Од доставената ранг листа на кандидати и предлогот за вработување на кандидати по јавен оглас бр. 48/2025 под број 04-72/14, е констатирано дека нама кандидат кој се квалификува за горенаведеното работно место , по што се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против Одлука за избор незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
Агенција за администрација
Архива на општина Центар Жупа

*Изготвил: Сенада Ракиповска*

**СЕКРЕТАР**
**НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА**
**М-р Еран Зубер**

Адреса-Adres : Центар Жупа – 1258 – Merkez Jupa ( Tel. 046/840-239, fax. 046/840-353 )
web site: www.merkezjupa.gov.mk ,
e-mail: merkezjupa@hotmail.com

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – KUZEY MAKEDONYA CUMHURİYETİ**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА – MERKEZ JUPA BELEDİYESİ**
**Бр. No. 04-72/15**
**30.04.2025 г/yılı**

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Сл. Весник на РМ“ бр,27/14, 199/24, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18, Службен весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/20,99/22 и 208/24) и Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас бр.48/2025 под бр.10-315/13 од 25.04.2025 год, Секретарот на Општина Центар Жупа постапувајќи по службена должност донесе:

## ОДЛУКА

**За избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник**

**1.** Во врска со јавниот оглас бр.48/2025 година за потребата од вработување на административен службеник во општина Центар Жупа, објавен на 18.03.2025 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Вечер“, “Нова Македонија“ и „Коха“. За работно место УПР 0101В04000 Помлад соработник за животна средина и просторно и урбанистичко планирање , во одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, (1) извршител.

Се избира кандидатот **МАХМУД ТАЛЕ** со идентификациски код 579С779

**2.** Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа одлука за што ќе се донесе посебно решение за вработување.

**3.** Оваа одлука стапува на сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на објавениот Јавен оглас бр. 48/2025 за потребата од вработување на административен службеник во општина Центар Жупа, објавен на 18.03.2025 година на интернет страната на Агенцијата за администрација и во дневните весници „Вечер“, “Нова Македонија“ и „Коха“. За работно место УПР 0101В04000 Помлад соработник за животна средина и просторно и урбанистичко планирање , во одделение за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, (1) извршител.

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас формирана со решение бр. 10-315/7 од 24.03.2025 година ја спроведе постапката за вработување составена од административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојноста на докази и интервју.

Адреса-Adres : Центар Жупа – 1258 – Merkez Jupa ( Tel. 046/840-239, fax. 046/840-353 )
web site: www.merkezjupa.gov.mk ,
e-mail: merkezjupa@hotmail.com

На 03.04.2025 година Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас бр.48/2025 во просториите на Агенција за администрација изврши административна селекција за што изготви записник за извршена административна селекција за административен службеник бр.10-315/9 од 03.04.2025 година.

На ден 17.04.2025 година во просториите на Агенција за администрација беше спроведен испитот за административен службеник, за што беше составен записник бр.10-315/10 од 17.04.2025 година.

На ден 25.04.2025 година во просториите на Агенција за администрација се спроведе постапка за проверка за веродостојност на докази и интервју , за што беше составен записник .

По завршувањето на сите фази се изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција како и предлог кандидат за вработување по Јавен оглас бр. 48/2025 под број.10-315/13 од 25.04.2025 година , кој беше доставен до Општина Центар Жупа и се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против Одлука за избор незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:
- Именуваниот
- Агенција за администрација
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива на општина Центар Жупа

Изготвил: Сенада Ракиповска

**СЕКРЕТАР**
**НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЖУПА**
**М-р Ераи Зубер**

Адреса-Adres : Центар Жупа – 1258 – Merkez Jupa ( Tel. 046/840-239, fax. 046/840-353 )
web site: www.merkezjupa.gov.mk ,
e-mail: merkezjupa@hotmail.com